**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „АНАТОМСКИ И ФИЗИОЛОШКИ ПРОМЕНИ КАЈ БОЛНИТЕ РАСТЕНИЈА“ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ОД ДОЦ. Д-Р ЕМИЛИЈА АРСОВ И ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-141/4 од 4.7.2017 г., донесена на 142. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– проф. д-р Душан Спасов, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за подготвување на писмен извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија”** од **доц д-р Емилија Арсов** и **проф. д-р Саша Митрев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на ракописот и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија” од доц. д-р Емилија Арсов и проф. д-р Саша Митрев е јасно конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Анатомија и физиологија на болните растенија, кој се изучува како изборен предмет на студиите од првиот циклус на ниво на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во четврта година, седми семестар, како изборен предмет со неделен фонд на часови 2+1+1 и носи 4 кредити, вкупно 120 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да ги заокружат своите сознанија од ботаника, анатомија, физиологија и заштита на растенијата, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по предметот Анатомија и физиологија на болните растенија е претставен во текст од вкупно 137 страници, со 19 фотографии.

Трудот е пишуван според Упатството за пишување на публикации на ниво на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на А4 формат со нормален проред, употребен фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Анатомија и физиологија на болните растенија за студентите на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта со ист или сличен наслов што обработува иста содржина на Универзитетот „Гоце Делчев", како и на останатите државни и приватни универзитети во Македонија, досега не е објавена и како целина и начин на обработка на материјата, ракописот е оригинално дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во две главни поглавја и тоа:

**Поглавје 1. Анатомија на болните растенија** и
**Поглавје 2. Физиологија на болните растенија**

Во **првото поглавје** е даден детален преглед на патоцитолошките и патохистолошките промени кај растенијата со поединечно разработување на овие промени кај растенијата.

Делот на патоцитологија вклучува:

1. Цитоплазматски промени – хиполазија и хиперплазија
2. Цитотрофични промени – хипотрофија и хипертрофија
3. Цитоморфолошки промени
4. Цитохормонски промени
5. Цитогенетски промени
6. Структурни патоцитолошки промени.

Делот на патохистологија ги вклучува и детално разработува следниве тематски единици:

1. Типови на патохистолошки промени
2. Патолошки промени на меристемското ткиво
3. Патолошки промени на паренхимското ткиво
4. Патолошки промени на спроводните ткива (ксилем и флоем).

Во **второто поглавје** акцентот е ставен на физиолошките промени кои настануваат кај болните растенија.

Од физиолошка гледна точка детално се разработени следниве тематски единици:

1. Движење на водата кај болните растенија
2. Минерална исхрана на болните растенија
3. Фотосинтеза кај болните растенија
4. Дишење кај болните растенија
5. Синтеза на протеини кај болните растенија.

Секое од горенаведените поглавја е детално опишано и кореспондира со наставниот план и програма за предметот.

**Цитираната литература** е практична, применлива и со хронолошки ред кои даваат една комплетна слика на Анатомските и морфолошките промени кај растенијата збогатени со голем број на практични примери.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот за скрипта со наслов „Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот „Анатомија и физиологија на болните растенија“ за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија“ од доц. д-р Емилија Арсов и проф. д-р Саша Митрев да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ:**

**Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, с.р.**
**Проф. д-р Душан Спасов, с.р.**